# ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

## ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

## ***„ПОДОБРУВАЊЕ НА ОТЧЕТНОСТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“***

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

24 поглавје

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK
eurothink.mk

**Издавач:**
**ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје**

**За издавачот (уредник):**
Димитар Николовски, Извршен директор

**Автори:**
Александар Стојановски

**Графичко уредување:**
Сашка Дескоска

**Лектура:**
Бобан Карапејовски

**Април, 2023 година.**

*Публикацијата е изработена во рамките на проектот* ***„Подобрување на отчетноста и транспарентноста на полицијата во Република Северна Македонија“****, спроведен од* ***ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии****, а финансиски поддржан од Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави.*

*Гледиштата изразени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш гледиштата на Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави или на нивните партнери.*

Александар Стојановски

# ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

## ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ПОДОБРУВАЊЕ НА ОТЧЕТНОСТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

Скопје, 2023

# СОДРЖИНА


01 РЕЗИМЕ 8

02 ВОВЕД 9

03 МЕТОДОЛОГИЈА 11

04 ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОЛИЦИЈАТА 12

05 ЛИЧНО ИСКУСТВО СО ПОЛИЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА 15

06 МЕХАНИЗМИ НА КОНТРОЛА 21

07 ЛИЧНО ИСКУСТВО СО ПОЛИЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА 23

08 ЗА РАБОТАТА НА УПРАВНИТЕ СЛУЖБИ ПРИ МИНИТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ 26

09 КОНЦЕПТОТ „ПОЛИЦИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА“ 28

10 ГЛАВНИ НАОДИ 30

# РЕЗИМЕ

ЕВРОТИНК – Центарот за европски стратегии веќе 20 години го следи, го набљудува, го анализира и го поддржува пристапувањето на Македонија кон Европската Унија, и покрај сите пречки и тешкотии. Бидејќи динамиката на ова поле не може да се следи само преку анализа и набљудување на постојните и на официјалните инструменти на политиката за проширување на ЕУ, во 2013 г. решивме да воспоставиме нова компонента во организацијата, која ќе се занимава со истражувања и со анализи на општествената европеизација и демократизација во Македонија. Клучен елемент на оваа нова компонента беше испитувањето на јавното мислење преку редовни годишни истражувања, ЕВРОМЕТАР.

ЕВРОМЕТАР има цел да ги испита перцепциите, ставовите и мислењата на граѓаните за прашања поврзани со европеизацијата, демократизацијата, но и да им постави други актуелни прашања.

Целта на ЕВРОМЕТАР не е да донесува заклучоци, туку да создаде база на податоци што на донесувачите на одлуки, на тинк-тенк организациите и на академската заедница ќе им послужи како основа за создавање политики засновани врз докази, со што, се надеваме, даваме скромен придонес кон надминувањето на недостигот од добри податоци врз кои се темелат добрите политики.

Анкетата се фокусира на перцепциите за полицијата на Република Северна Македонија, како дел од напорите на Евротинк во полето на зголемувањето на транспарентноста, отчетноста и инклузивноста на полициското работење.

Овогодишното истражување се спроведе во рамките на проектот „Подобрување на отчетноста и транспарентноста на полицијата во Република Северна Македонија“, поддржан од National Endowment for Democracy (NED).  Преку поддршка на процесот на соработка меѓу полицијата, медиумите и локалните заедници, овој проект има цел да ги поттикне постојните и да развие нови добри практики и ефективни механизми за поголема транспарентност и отчетност на полицијата. Во рамките на проектот се работи и на унапредување на транспарентноста на полициската работа во заедницата преку поттикнување иновативни комуникации со јавноста и подобра соработка со медиумите.

# ВОВЕД

Наведувањето неколку настани во општествено-политичката ситуација во Република Северна Македонија во периодот на спроведување на анкетирањето ќе помогне да се стават во контекст резултатите, т. е. мислењето и ставовите на јавноста за повеќе теми.

Неколку главни случувања што ја карактеризираат 2022 година се:

• на чело на Владата е новиот претседател на СДСМ, Димитар Ковачевски;
последиците од војната во Украина се чувствуваат во повеќе сфери – економска криза и инфлација, а особено енергетска криза (поскапување на струјата и на горивата), која претставува една од централните теми на медиумите, со акцент на тоа дека актуелната власт слабо се справува со неа;
• за среќа состојбата со КОВИД-пандемијата е релаксирана и нема рестрикции;
• ветото на Бугарија кон РС Македонија за започнување пристапни преговори е актуелно, се јавува „францускиот предлог“ како компромис што Владата го прифаќа како преговарачка рамка. Клучен услов за отворање на поглавјата е внесување на бугарската заедница во Уставот на државата;
• опозицијата – ВМРО-ДПМНЕ и Левица – иницира референдум што би ја поништил прифатената преговарачка рамка од страна на Парламентот и на Владата. Иницијативата не се остварува;
• постојана е медиумската „пресметка“ меѓу партиите на власт и опозицијата, во која најмногу се критикува власта како „неспособна, криминална и корумпирана“, со цел да издејствуваат предвремени парламентарни избори. Критики се насочени и кон владеењето на правото, корупцијата, судството итн.;
• кај коалицискиот партнер ДУИ се јавуваат внатрешни барања (фракцијата „Огнена група“) за смена на одредени партиски челници што се на високи позиции во власта;

• влијание на други настани што се поврзуваат со функционирањето на државните институции, како што се судовите, јавното обвинителство, апелација и судскиот совет – посебно се истакнуваат одлуки за судскиот процес „Таргет – Тврдина“ ;
• во последните неколку месеци актуелни се хибридните интернет-напади – дојавите за поставени експлозиви, со што се создава и паника, чувство на нестабилност и се прави слика за неспособност на институциите (полиција, АНБ) за справување со овие напади;
• севкупно, создадена е атмосфера дека РС Македонија во овој момент е во општествено-политичка и во економска криза, со висок степен на корупција и криминал и нефункционирање на институциите.

Мора да се има предвид дека оваа атмосфера на општествено-политичка и економска криза влијае и се пресликува (“Halo effect”) и на перцепциите и ставовите на граѓаните на други теми и прашања.

Ова истражување може да се смета за една „снимка“ на јавното мислење во овој момент.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Ова испитување на јавното мислење е спроведено од страна на агенцијата Брима од Скопје, по нарачка на Евротинк – Центар за европски стратегии. Истражувањето е спроведено преку компјутерски подржана телефонска анкета (CATI) во периодот од 12 до 27 декември 2022 година од 13 анкетари и двајца супервизори. Национално репрезентативниот примерок се состои од 1006 испитаници, додека маргината на грешка изнесува +/- 3,1 %. Стапката на одѕив изнесува 82 %, што претставува висок одѕив во рамките на повеќето социополитички истражувања.

Користен е повеќестепен стратификуван случаен примерок на популација од 18+ години во Република Северна Македонија. Дизајнот на примерокот е изработен според податоците објавени од Државниот завод за статистика и се базира на податоци од пописот во 2021 година, според следниве варијабли: етничка припадност (Македонци + други националности, од една страна, и етнички Албанци, од друга страна), региони (8 статистички региони во Република Северна Македонија) и населено место (село/град).

Методолошката исправност на анкетата е одговорност на Брима, додека прашалникот беше подготвен од страна на истражувачкиот тим на Евротинк – Центар за европски стратегии, во соработка со тимот на Брима. Во истражувањето се користени и податоци од анкети од 2014 година наваму, кои се спроведени од разни локални агенции по нарачка на Евротинк.

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИ

Анализата ја започнавме со мерење на општиот степен на доверба на граѓаните во институциите, при што од испитаниците е побарано да ја рангираат секоја наведена институција.

**Графикон 1:**

**Анализата ја започнавме со мерење на општиот степен на доверба на граѓаните во институциите, при што од испитаниците е побарано да ја рангираат секоја наведена институција.**

Испитаниците ги рангираа институциите на скала од 1 до 5, каде што 1 = воопшто немам доверба, а 5 = имам целосна доверба.




Најголема доверба испитаниците имаат во Армијата на Северна Македонија (39 %, како кумулатив на одговорите со оценки 4 и 5), потоа во религиските заедници (32 %) и во полицијата (21 %). Најмала доверба граѓаните имаат во обвинителството (7 %) и во судството (6 %).

**Графикон 1.1:**

**Процент на испитаници што изразиле доверба во институциите (оценки 4 и 5) (2020–2022).**




Споредено со минатата година, највисоко оценетата Армија бележи пад од 10 процентни поени – во 2021 година доверба во Армијата имале 49 % од испитаниците, за разлика од 2022 година, каде што тој процент е 39 %. Судството и Обвинителството трета година по ред (откога се мери овој индикатор) се најниско оценети, т. е. испитаниците имаат најмалку доверба во нив. Во 2021 година во Обвинителството во 2021 година доверба имале 8 %, а во 2022 година тој процент изнесува 7 %; во судството доверба имале 8 %, а сега тој процент изнесува 6 %.

Ова мерење е надополнето со следното, кое се однесува на перцепцијата на граѓаните за борбата на институциите со корупцијата.

**Графикон 2:**

**Што мислите за тоа како државните институции ја водат борбата против корупцијата.**



Испитаниците успешноста на борбата против корупцијата на државните институции во земјава ја гледаат мошне негативно, т. е. 71 % (кумулатив од оценките 1 и 2) сметаат дека институциите лошо ја водат борбата против корупција, наспроти 7 %, кои сметаат спротивно (кумулатив на оценките 4 и 5).

Разложено според етничката припадност, и земајќи ги предвид кумулативните оценки, 78,2 % од Македонците и 49,1 % од етничките Албанци сметаат дека институциите лошо ја водат борбата против корупцијата. На одобрувачкиот крај се наоѓаат 2,8 % од Македонците и 21,8 % од Албанците.

Разложено според партиската определеност и земајќи ги предвид кумулативните оценки, дури 95,7 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ и 48,6 % од поддржувачите на СДСМ сметаат дека институциите лошо ја водат борбата против корупцијата. На другиот крај од скалата се наоѓаат 46 % од поддржувачите на ДУИ и 11,9 % од поддржувачите на СДСМ, кои сметаат дека државните институции добро ја водат борбата против корупцијата.

# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОЛИЦИЈАТА

Погорeприкажаниот графикон број 14, за довербата на граѓаните во одделните институции, покажа дека 49 % од испитаниците немаат доверба во полицијата (кумулатив од одговорите 1 + 2), наспроти 21 % што изразиле доверба (кумулатив на оценките 4 + 5). Ова прашање, раслоено по демографски групи, покажува дека етничките Албанци во поголем процент ѝ веруваат на полицијата (31,3 % – кумулатив од 4 и 5), за разлика од Македонците каде што тој процент изнесува 17,4 %. Испитаниците поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ во најголем процент воопшто немаат доверба во полицијата (63,3 %), за разлика од поддржувачите на СДСМ, каде што оваа група изнесува 11,3 %. Компаративно, полицијата во 2021 година од општото население имала доверба 25 %, а во 2022 година – 21 %, што е за 4 процентни поени пониско.

За попрецизно разбирање на овие ставови анкетата опфати сет прашања за работењето на полицијата, кои ги опфатија перцепциите на граѓаните за професионалноста, транспарентноста, независноста во работењето, ефикасноста, отчетноста и работењето во интерес на потребите на граѓаните на оваа институција.

**Графикон 3:**

**Колку се согласувате се следниве искази за работата на полицијата?**

За ова прашање користена е скала од 1 до 5, каде 1 = воопшто не се согласувам со исказот, додека 5 = целосно се согласувам со исказот.



При евалуацијата на полицијата во земјава, од неколку изјави поврзани со нејзината работа, како највисоко е оценета професионалноста во нејзиното работење, со 25 % (кумулатив од оценките 4 и 5). Сепак, евидентно е дека преовладува негативното мислење за сите мерени аспекти. Најниско евалуиран аспект е нејзината независност од партиските, владините или бизнис-интересите, каде што 70 % не се согласуваат со тврдењето.

**Графикон 3.1:**

**Процент на испитаници што позитивно оцениле аспекти од работата на полицијата (оценки 4 и 5) (2021-2022)**




Компаративно со претходната година, процентот на испитаници што сметаат дека „полицијата е професионална во својата работа“ во 2022 година изнесува 25 %, наспроти 30 % во 2021 година, што претставува намалување за 5 процентни поени. Кај исказот: „Полицијата во Македонија е независна од партиските, владините или бизнис-интересите“, има намалување за 6 процентни поени – од 13 % во 2021 година на 7 % во 2022 година.

За **ПРОФЕСИОНАЛНОСТА** на полицијата

Вкупно 25 % од испитанците сметаат дека е полицијата професионална во своето работење, што е намалување за 5 процентни поени од минатата година, и 44 % дека е непрофесионална. 16,8 % од Македонците сметаат дека полицијата е професионална, а кај етничките Албанци овој став е во повисок процент - 45,6 %. Позитивното мислење го делат само 9,1 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ и 12 % од оние на Левица, наспроти 38 % од поддржувачите на СДСМ, 65 % од ДУИ и 72,3 % од ДПА. Кај претставниците на БЕСА и Алијанса за Албанците е приближно избалансиран позитивниот и негативниот став. Испитаниците што се изјаснуваат дека нема да гласаат се со изразено негативен став за овој исказ (69 %). Исто така, и кај оние што изјавиле дека ќе го „чкртнат гласачкото ливче“, преовладува негативен став (82 %).

Според местото на живеење, 30,5 % од граѓаните од руралните средини наспроти 20,8 % од урбаните средини сметаат дека е полицијата професионална. Испитаниците од Полошкиот Регион, 37 %, како и 37 % од Североисточниот Регион во повисок процент сметаат дека полицијата е професионална во однос на другите региони, каде што овој став се движи во опсег од 14 % до 25 %.

За **ТРАНСПАРЕНТНОСТА** на Полицијата

16 % од сите испитаници сметаат дека полицијата е транспарентна во своето работење, што е намалување за 8 процентни поени во споредба со минатата година, и 51 % дека е нетранспарентна.

Само 13 % од Македонците се со позитивен став, наспроти 22,8 % од Албанците и 32,4 % од другите националности. И во ова прашање партиската определба е релевантна одредница. 49,7 % од поддржувачите на ДУИ и 28,3 % на СДСМ сметаат дека полицијата е транспарентна, додека процентот е помал во Левица (12 %), БЕСА (18,9 %) и ВМРО ДПМНЕ (7,3 %), Алијанса на Албанците (5,5 %) и ДПА (4,2 %).

Земено според регионалната распределеност, процентот се движи меѓу 6,7 % во Вардарскиот Регион до 20,3 % во Југозападниот Регион.

За **ЕФИКАСНОСТА** на полицијата

Од сите испитаници, 16 % го поддржуваат исказот дека полицијата е ефикасна во своето работење, што е намалување од 10 процентни поени од претходната година, и 51 % дека е неефикасна.

Продлабочената анализа покажува дека овој став го делат: 27,8 % Албанци, наспроти 11,9 % Македонци; 6,2 % од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ и 5,7 % од Левица, 5,5 % од Алијанса на Албанците и 4,9 % од ДПА, наспроти 55,4 % од ДУИ, 31,1 % од СДСМ и 22,6 % од БЕСА. Позитивен став за ефикасноста на полицијата имаат 24 % испитаници од Полошкиот и 26 % од Североисточниот Регион, за разлика од другите региони, каде што позитивниот став за ефикасноста се движи од 7,5 % (Југоисточен) до 16,6 % (Пелагониски).

За **ОТЧЕТНОСТА** на Полицијата

Вкупно 12 % сметаат дека полицијата е отчетна, што е пад за 8 процентни поени од минатата година, и 58% дека не е отчетна.

Општо земено, позитивниот став е во мал процент кај повеќето целни групи: 8 % кај Македонците, 23 % кај Албанците и 13 % кај другите националности. Според партиската определеност: само 2,3 % од ВМРО-ДПМНЕ, 5,7 % од Левица, АА со 5,5 % и ДПА со 0 %, наспроти 25,6 % од СДСМ, 50,5 % од ДУИ и БЕСА со 20,9 %. Општата распределба на позитивниот во однос на негативниот став е слична кај сите испитаници, независно од нивниот степен на образование или дали се од рурална или од урбана средина.

За **ИНКЛУЗИВНОСТА** на полицијата

Општо земено, позитивно мислење за овој аспект на работата на полицијата имаат 10 % од испитаниците, што е пад од 6 процентни поени, а негативен – 63 %.

Позитивниот став е во повисок процент кај Албанците, со 16,6 %, во однос на 7,7 % кај Македонците. Кај приврзаниците на ДУИ перцепција за инклузивност имаат 35,1 %, кај СДСМ 20,8 %, а кај БЕСА – 16,5 %. Наспроти тоа, дека е полицијата инклузивна сметаат: кај ВМРО-ДПМНЕ само 1,9 %, кај АА – 5,5 %, а кај ДПА и кај Левица – 0% .

Највисока перцепција за инклузивност на полицијата е измерена во Полошкиот Регион, со 15,1 %, а најниска во Вардарскиот – со 5,1 %.

За **НЕЗАВИСНОСТА** на полицијата од партиските, од владините или од бизнис-интересите

Ова е најслабо оценетиот аспект од работата на полицијата – само 7 % сметаат дека е таа независна, што е пад од 6 процентни поени во однос на 2021 година, а 71 % сметаат дека е таа зависна од партиските, од владините или од бизнис-интереси.

Позитивен став имаат: според национална припадност – 16 % од Албанците, 3,9 % од Македонците и 1 % од другите националности; според партиската определеност – 35,3 % од ДУИ, 14,2 % од СДСМ, 5 % од АА, 15,3 % од БЕСА, додека кај ВМРО-ДПМНЕ, Алтернатива, ДПА и Левица овој процент изнесува 0 % (ниту еден испитаник не искажал позитивен став). Регионално, како независна полицијата е најсилно перципирана во Североисточниот Регион, со 15,8 %.

Во продолжение испитаниците се хипотетички запрашани за нивното очекување за постапките на полицијата во случај на загрозување на нивната лична безбедност. Половина од нив (49 %) изјавиле дека сметаат дека полицијата би ги заштитила во случај нивната безбедност да биде загрозена, наспроти 35 %, кои сметаат дека не би биле заштитени.

**Графикон 4:**

**Доколку вашата безбедност е загрозена, дали сметате дека полицијата ќе ве заштити?**



48,4 % од Македонците, 53,7 % од Албанците и 43,2 % од другите националности сметаат дека би биле заштитени. Скептични за тоа се 39,9 % од Македонците, 17,8 % од Албанците и 52,6 % од другите националности.

Влијанието на партиската определба и кај ова прашање е присутно при формирањето на мислењето, па така: 71,8 % од поддржувачите на СДСМ, 82,5 % од ДУИ, 43,6 % од БЕСА, 51,5 % од ДПА, 44,9 % од Левица и, во помал процент, 31,2 % од ВМРО-ДПМНЕ како и 32,6 % од АА сметаат дека ќе бидат заштитени од полицијата во случај да им биде загрозена безбедноста. Спротивно, во значајно повисок процент поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ (58,5 %) сметаат дека не би биле заштитени од полицијата.

**Графикон 4.1:**

**Доколку Вашата безбедност е загрозена, дали сметате дека полицијата ќе Ве заштити? (2020–2022)**




Процентот на испитаници што сметаат дека полицијата ќе ги заштити во 2022 година е 49 %, што не е многу променето од 2021 година, кога изнесувало 51 %. Во 2022 година е намален процентот на негативниот одговор, со 35 %, наспроти 43 % во 2021 година.

Забележливо е дека многу силен фактор на дискриминација за формирање на јавното мислење за работењето на полицијата е партиската преференција – поддржувачите на опозицијата во висок процент имаат негативен став за работењето на полицијата, за разлика од поддржувачите на партиите на власт. Етничката и регионалната припадност, возрасната структура или степенот на образование се минорно дискриминаторски фактори, што се однесува до мерените аспекти за работењето на полицијата на Република Северна Македонија.

# ЛИЧНО ИСКУСТВО СО ПОЛИЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА

Посебна секција од анкетата беше посветена на мислењата и впечатоците од личните искуства на испитаниците со полицијата.

**Графикон 5:**

**Дали во последните 24 месеци сте имале контакт со Полицијата?**

**5.1 Доколку одговорот е ДА, дали контактот го иницирaвте Вие или Полицијата?**

**5.2. Дали полициските службеници беа професионални во својата работа?**




13 % од испитаниците изјавиле дека имале контакт со полицијата на Северна Македонија во последните 24 месеци, од кои 6 % биле контакти иницирани од страна на самите испитаници, а 7 % од страна на полицијата.

Овие испитаници понатаму се прашани дали полициските службеници биле професионални во своето работење. Испитаниците што имале лично искуство со полицијата во повисок процент имале позитивен впечаток за професионалноста на полицијата во конкретната искусена ситуација – 70 % од нив (што е еквивалент на 9 % од вкупниот број испитаници). Ако овие резултати ги споредиме со наодите од графиконот бр. 15, каде перцепцијата за професионалност на полицијата кај општата јавност изнесува 25% (кумулатив од одговорите со оценки 4 и 5), евидентно е дека процентот на позитивни перцепции е повисок кај испитаниците што имале лично искуство со полицијата.

Разложено според етничката припадност, контакт со полицијата оствариле 15,3 % од македонските, 6,6 % од албанските и 19,1 % од испитаниците од друга националност. Во поголем број, лично преземената иницијатива (од оние што имале контакт со полицијата) била во случаите на албанските испитаници, 84,2 % наспрема 36,2 % од македонските испитаници и 67,5 % од другите националности. Од нив, задоволство од професионалниот однос на полицијата (од оние што имале контакт со полицијата) изразиле 84 % од Албанците, 70 % од Македонците и 51 % од испитаниците од друга националност.

Споредено со претходната година, во 2022 година 9 % од вкупните испитаници се изјаснуваат дека полицијата била професионална при личниот контакт, а 4 % дека не била професионална, што е многу слична пропорција со резултатите од 2021 година, каде што 10 % се изјасниле дека полицијата била професионална, а 4 % дека не била професионална.

# МЕХАНИЗМИ НА КОНТОЛА

## Внатрешна контрола

Како резултат на незадоволност од контактот со полицијата, 2,6 % од испитаниците поднеле пријава до внатрешната контрола во полицијата во 2022 година, со цел испитување на нивниот случај. Овие испитаници се прашани дали сметаат дека внатрешната контрола во полицијата придонесува за намалување на корупцијата и непрофесионалноста во организацијата. Иако во мал процент, може да се каже дека мислењето е еднакво поделено, т. е. 1,1 % се изјаснуваат дека внатрешната контрола придонесува за намалување на корупцијата и непрофесионалноста во полицијата, 1 % сметаат дека не придонесува.

**Графикон 6:**

**Дали сте имале потреба да поднесете пријава до внатрешната контрола во полицијата?**
**6.1 Дали внатрешната контрола во полицијата придонесува за намалување на корупцијата и непрофесионалноста во организацијата?**



Свесност за механизмите за надворешната контрола над работата на полицијата постои кај 13,2 % од испитаниците. Испитаниците што одговориле потврдно, понатаму се прашани за нивната запознаеност со секој од нив.

**Графикон 7:**

**Дали сте слушнале за механизмите за надворешна контрола над работата на полицијата?**

**7.1. Доколку одговорот е ДА, за кои од следниве механизми се слушнале.**




За народниот правобранител како надворешен механизам за контрола слушнале 10,3 % од вкупниот број испитаници, додека за Одделението за гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и од припадници на затворска полиција при Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција слушнале 7,8 % од вкупните испитаници.

## Графикон 8:

**Дали сте слушнале за механизмите за надворешна контрола над работата на полицијата?**
**8.1. Дали механизмите за надворешна контрола во полицијата придонесуваат за намалување на корупцијата и непрофесионалноста во организацијата?**




Од 13,2 % испитаници што слушнале за механизмите (изразено како 7,1 % од сите испитаници), повеќето сметаат дека надворешната контрола над полицијата придонесува за намалување на корупцијата и непрофесионалноста во организацијата.

Потребно е да се истакне дека свесноста за механизмите за надворешна контрола е присутна кај само мал дел од граѓаните.

# ЗА РАБОТАТА НА УПРАВНИТЕ СЛУЖБИ ПРИ МИНИТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Работата на управните служби е евалуирана преку две прашања: евалуација на достапноста на информациите во врска со процедурите пред управните служби при Министерството за внатрешни работи (тука спаѓаат обрасци и чекори при процесот на вадење на некои од следните документи: лична карта, патна исправа, т. е. пасош, сообраќајни дозволи) и евалуација на процесот на работата на управните служби.

**Графикон 9:**

**Со која оценка би ја оцениле достапноста на информациите во врска со процедурите пред управните служби при МВР?**
**9.1. Со која оценка би ја оцениле работата на управните служби при МВР во процесот на вадење на некои од следните документи: лична карта, патна исправа, т. е. пасош, сообраќајни дозволи?**

**Оценка за достапноста на информации за процедури пред управните служби на МВР**




**Оценка за работата на управните служби на МВР**



Половина од испитаниците (51 % – кумулатив на оценките 4 и 5) се со позитивен став за достапноста на информациите во врска со процедурите пред управните служби при МВР, наспроти речиси една четвртина (23 %), кои се со негативен став, и една четвртина (23 %) со неутрален став.

Речиси половина (48 %) ја евалуираат работата на управните служби на МВР со позитивна оценка, наспроти 23 %, кои ја евалуираат со негативна оценка. Постои висока корелација меѓу евалуацијата за достапноста на информациите и процедурите пред управните служби на МВР и оценката за самата работа на управните служби.

# КОНЦЕПТОТ „ПОЛИЦИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА“

Следна тема во ова истражување е и мерење на свесноста и евалуација на концептот „Полиција во заедницата“, како пристап на полициското работење и организација на работата на полицијата на локално ниво. Овој концепт е еден од начините за градење однос на меѓусебна доверба и соработка меѓу полицијата и граѓаните, и акцентот го става на превентивниот и проактивен пристап, кој се темели на проблемски ориентираното полициско работење на локално ниво.

**Графикон 10:**

**Дали сте слушнале за концептот „Полиција во заедницата“?**
**10.1. Со која оценка би го оцениле функционирањето на концептот „Полиција во заедницата“, користејќи оценка од 1 до 5, како во училишниот систем?**






Резултатите од истражувањето покажуваат дека 15 % од сите испитаници слушнале за овој концепт, и тоа во повисок процент помладите испитаници, испитаниците Албанци, како и испитаниците со повисоко образование. Свесноста за овој концепт е во повисока пропорција кај албанските партии и во следните региони: Југозападен, Полошки, Североисточен и Скопски. Мнозинството, повеќе од три четвртини (12 % од сите испитаници) даваат позитивна оценка (збир од оценките 3+4+5).

Во овој контекст, сите испитаници се запрашани дали се запознаени со улогата и со работата на Локалниот совет за превенција (ЛСП) во нивната општина.

**Графикон 11:**

**Дали сте запознаени со улогата и со работата на Локалниот совет за превенција во Вашата општина?**




10 % од сите испитаници се запознаени со улогата и работата на Локалниот совет за превенција во нивната општина. Помладите испитаници и испитаниците со повисоко образование, во повисок процент се запознаени со улогата и со работата на Локалниот совет за превенција.

Свесноста за концептот „Полиција во заедницата“ изнесува 15 % во 2022 година. Во 2021 година тој изнесувал 9 %, што претставува пораст за 6 процентни поени. Позитивна оценка за овој концепт во 2022 година даваат 87 % од оние што знаат за овој концепт, а во 2021 година овој процент изнесувал 81 %.

Запознаеноста со работата на Локалниот совет за превенција во 2022 година изнесува 10 %, а во 2021 изнесувала 5 %, што е пораст за 5 процентни поени.

# ГЛАВНИ НАОДИ

И оваа година граѓаните имаат највисока доверба во Армијата (39 %). Религиските институции се на второто место со 32 %, веднаш по нив е полицијата со 21 %, итн. Најмалку доверба граѓаните и оваа година имаат во Обвинителството (7 %) и во судството (6 %). Доминира негативното мислење за борбата против корупцијата во државните институции во земјава, т. е. 71 % од испитаниците смета дека институциите неуспешно ја водат борбата против корупцијата.

При евалуацијата на полицијата во земјава, од неколку изјави поврзани со нејзината работа, како највисоко е оценета професионалноста во нејзиното работење (25 %). Најниско евалуиран аспект е нејзината независност, за која 70 % од испитаниците дадоа негативна оценка.

Во однос на познавањето на механизмите за надзор, 2,6 % од испитаните поднеле пријава до внатрешната контрола на полицијата, додека свесност за механизмите на надворешна контрола над работата на полицијата има кај 13,2 % од испитаниците. 51 % од испитаниците позитивно ја оценува достапноста на информациите во врска со процедурите пред управните служби при МВР.

Свесноста за концептот „Полиција во заедницата“ изнесува 15 % во 2022 година, додека во 2021 година изнесувал 9 %. Позитивна оценка за овој концепт во 2022 година даваат 87 % од оние што го познаваат овој концепт. Запознаеност со работата на Локалниот совет за превенција кај испитаниците во 2022 година изнесува 10 %, додека во 2021 година тој изнесувал 5 %, што претставува благ пораст.